РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETJE KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12 - 157 /4
29.02. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 февруари 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година**

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на АД МЕПСО Скопје.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 74 став (8) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), службеникот за усогласеност на операторот на електропреносниот систем, Оператор на електропреносен систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), со допис бр.13-1018 од 30 јануари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.12-157/1 од 30 јануари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр.12-157/2 од 20 февруари 2024 година достави забелешки по Годишниот извештај. АД МЕПСО Скопје со допис бр.13-1018/3 од 23 февруари 2024 година достави нов текст на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година бр.13-1018/4 од 23 февруари 2024 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.12-157/3 од 23 февруари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 29 февруари 2024 година одржа седница на која што донесе Решение за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година, доставен од службеникот за усогласеност.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-157/4**
**29 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**

**и услуги за управување со комунален отпад**

**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје за 2023 година, бр.13-1018/4 од 23 февруари 2024 година